**Известување за концентрациjа со коjа МК Ланд СПВ д.о.о. Белград, Република Србиjа стекнува заедничка контрола над ДОО Миротин Врбас, Република Србиjа**
**(предмет бр. 08-129/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренциjата („Службен весник на Република Македониjа“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 29.11.2021 година, а дополнето на 03.12.2021 година до Комисиjата за заштита на конкуренциjата е доставено известување за концентрациjа со коjа друштвото **МК Ланд СПВ д.о.о. Белград**, со регистрирано седиште на Булевар Михаjла Пупина 115е, Нов Белград, Белград, Република Србиjа заедно со постоjните сопственици на удели МПЗ Аграр Д.о.о., Нови Сад, Република Србиjа и физичкото лице З.П од Република Србиjа ќе стекне заедничка контрола над друштвото **ДОО Миротин Врбас**, со седиште на Ивана Милутиновиќа 33, Врбас, Република Србиjа.

**Учесници во концентрациjата и нивни деловни активности:**

**МК Ланд СПВ д.о.о. Белград** е друштво во состав на МК Групата, коjа е под контрола на господин Миодраг Костиќ („**МК Група**“). Во составот на МК Групата се наоѓаат повеќе од 40 поврзани претпријатиjа кои работат во Србиjа и во странство, и кои вработуваат повеќе од 4.000 вработени. Деловната активност на МК Групата како целина, е во основа производство и трговиjа со земjоделски производи. МК Групата е активна со производство на шеќерна репка, шеќер, пченка, пченица, jачмен, маслодаjна репка и други ратарски култури со употреба на наjсовремени агротехнички мерки и земjоделска механизациjа од последна генерациjа. МК Групата покраj тоа тргува со земjоделски производи, вештачко ѓубриво, пестициди, меркатилни и семенски производи (пченица, пченка, соjа...). Дополнително, МК Групата се занимава и со туризам, информациски технологии, како и со банкарски и брокерско-дилерски работи.

МК Група нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македониjа.

**ДОО Миротин Врбас**, е основано на 19 август 1992 година во Нови Сад. ДОО Миротин Врбас преку неговите зависни друштва, се бави со производство и продажба на големо на ратарски земjоделски производи (како што се пченица, пченка, jачмен, соjа, шеќерна репка, сончоглед), млеко и млечни производи, масла за jадење, масти, одгледување на крави и говеда за гоење, складирање и мелење на земjоделски производи и производство на млински производи, како и производство на електрична енергиjа од обновливи извори (како што е биогас). Во помал обем ДОО Миротин Врбас се бави и со слатководни аквакултури (одгледување на шаран за конзумирање) и производство на овошjе.

Претежната регистрирана дејност на Целното друштво, со која е регистрирано

Целното друштво во Агенцијата за трговски регистри на Република Србија е одгледување житни култури (освен ориз), мешункасти растенија и маслодајни семиња (шифра на дејност: 0111).

ДОО Миротин Врбас нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија.

Подносителот смета дека како **релевантниот пазар на производи** може да се дефинира како пазар на:

1. Продажба на големо на масла и масти за јадење.
2. Продажба на големо на млински производи.

Што се однесува до **географскиот опсег на пазарот** за предметната концентрација. Подносителот предлага релевантниот географски пазар да биде дефиниран како територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

07.12.2021 година, Скопје